***Број: 02 - 16235/2***
***02.11.2007 год.***
***С к о п ј е***

# *ЗАПИСНИК*
## *од XXI -та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*

*одржана на 02.11.2007 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Министерството за финансии*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател. Отсутен поради патување во странство*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради патување во странство*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили, заменикот на претседателот Снежана Костадиноска Милошеска ја отвори седницата и утврди дека на седницата присуствуваат четири членови на УО со што се исполнети условите за работење и полноважно одлучување. Потоа, ги извести присутните членови на Управниот одбор дека е ненајавено повикана на состанок во Владата на Република Македонија на кој мора да присуствува. Од таа причина го предложи следниот*

### ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Прераспоредување на средствата во буџетите на јавните здравствени установи за 2007;*
    - *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година;*
    - *Одлука за утврдување на висината на средствата кои Фондот ќе ги издвои за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија Филип Втори - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2007 година;*
    - *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Катлановска Бања ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот во 2007 година*

*Останатите најавени точки на дневниот ред за кои на членовите на Управниот одбор им беа доставени материјали предложи да се одложат за наредната седница.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ овој предлог го прифатија по што едногласно го усвоија следниот*

### ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Прераспоредување на средствата во буџетите на јавните здравствени установи за 2007;*
    - *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година;*
    - *Одлука за утврдување на висината на средствата кои Фондот ќе ги издвои за услуги извршени од Специјалната болница по*

*кардиохирургија Филип Втори - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2007 година;*

- *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Катлановска Бања ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот во 2007 година*

*Потоа се пристапи кон разгледување на единствената точка од дневниот ред.*

***ТОЧКА 1-*** *Прераспоредување на средствата во буџетите на јавните здравствени установи за 2007*

*Објаснување на потребата за прераспоредување на средствата во буџетите на јавните здравствени установи даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа наведе дека прераспоредувањето на средствата е неопходно за да се овозможи непречено работење на јавните здравствени установи кои се опфатени со предлогот за промена на буџетскиот плафон. На минатата седница веќе беше објаснето дека потребните средства ќе се обезбедат од заштедените средства и тоа од предвидените во ставката ПЗУ и во трошоците за администрација и материјалните трошоци. Додаде дека се остварени заштеди и од лекувањата во странство. Понатаму објасни дека се направени две дополнителни анализи на планираните и остварените финансиски показатели за вид и обем на здравствени услуги во јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2007 година кои се приложени во материјалите за седницата.*

*Снежана Костадиноска Милошеска постави прашање дали со оваа прераспределба дефинитивно ќе се затворат буџетите на јавните здравствени установи за 2007 година, на што од Ромела Поповиќ Трајкова доби потврден одговор освен во однос на Клиничкиот центар.*

*Љубиша Каранфиловски се надоврза посочувајќи дека на здравствените установи кои настанаа со трансформацијата на Универзитетскиот клинички центар Скопје веќе им се утврдени буџетите со кои треба да продолжат да работат до крајот на годината.*

*Директорот Тренкоски нагласи оти најголемиот притисок на буџетите на јавните здравствени установи е поради зголемувањето на платите. Додаде дека во установите кои настанаа со трансформацијата на Универзитетскиот клинички центар Скопје веќе нема вработени со договор на дело. Оние што останале сега работат како волонтери.*

*Снежана Костадиноска Милошеска констатира дека со прераспределбата средства добиваат и установи каде имало лошо менаџирање.*

*Ромела Поповиќ Трајкова рече дека тоа до некаде е точно, но не треба да се игнорира фактот дека некои од нив наследиле долгови што не може брзо да се ликвидираат а некои нивни обврски, како на пример по судски пресуди дури сега*

*стасуваат за намирување. Исто така, фактор кој влијае на зголемените потреби од средства е застојот во приватизацијата на јавните здравствени установи.*

*Љубиша Каранфиловски и Снежана Костадиноска Милошеска прашаа врз основа на кои критериуми се распределени средствата.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека во основа буџетите на јавните здравствени установи се утврдуваат на база на историски податоци за работењето во изминатите години.*

*Потоа, Снежана Костадиноска Милошеска ја заклучи расправата, по што Управниот одбор едногласно ги донесе следните одлуки:*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на средствата кои Фондот ќе ги издвои за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија Филип Втори - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2007 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Катлановска Бања ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот во 2007 година***

*Управниот одбор заврши со работа во 12.40 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на Претседателот,***
***Снежана Костадиноска Милошеска***